Врз основа на член 65 од Статутот на Либерално-демократската партија, Конференцијата на Либерално-демократската младина, на седницата одржана на ден 24.11.2007 година, ги донесе следните

# УНИФИЦИРАНИ ПРАВИЛА

за работа на општинските организации на Либерално-демократската младина

## I.Општи одредби

**Член 1**

Со унифицираните правила за работа на општинските организации на ЛиДеМ (во понатамошниот текст: правилата) се регулира начинот на работа на општинските организации на ЛиДеМ, постапката за избор на Општински одбор, Извршен одбор, Надзорен одбор и претседател на Општинскиот одбор како и посебните форми на организација во рамките на Општинскиот одбор (месни клубови и слично).

## II.Органи на Општинската организација

**Член 2**

Органи на општинската организација на ЛиДеМ се:
- Собрание
- Општински одбор
- Извршен одбор на општинскиот одбор
- Претседател
- Надзорен одбор

## II.А Собрание на Општинската организација

**Член 3**

Собранието на општинската организација (во понатамошниот текст: собранието) е највисок орган на општинската организација.
Собранието се свикува со одлука на Општинскиот одбор а најмалку еднаш годишно.
Предлог за свикување на Собрание може да даде: претседателот, потпретседателите, 1/3 од членовите на Општинскиот одбор и Надзорниот одбор.
По предлог на Извршниот одбор на ЛиДеМ, одлука за свикување на Собрание може да донесе и Централниот одбор на ЛиДеМ во случаите предвидени во членовите 15 и 16 од овие Правила.
Собранието се свикува со писмена покана во која е содржан и предлогот на дневниот ред.

**Член 4**

Доколку Општинската организација брои повеќе од 100 членови, бројот и составот на членовите на Собранието ги определува општинскиот одбор со посебна одлука.

**Член 5**

Собранието го сочинуваат:
- Членовите на Општинскиот одбор на општинската организација;
- Членовите на Надзорниот одбор на општинската организација;

- Членови избрани од месните одбори или клубови, доколку такви има формирано на територијата на општинската организација;
- Членови на општинската организација избрани од страна на Општинскиот одбор.

Членовите од став 1 алинеја 5 на овој член општинскиот одбор ги избира од редот на поактивните и поистакнати членови на општинската организација.

Мандатот на членовите на Собранието трае 2 години.

**Член 6**

Собранието може полноважно да работи и одлучува доколку на него се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членовите.

**Член 7**

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаи и во вонредни околности ги врши општинскиот одбор, при што има обврска на првата наредна седница да го информира Собранието за преземените активности.

## II.Б Општински одбор

**Член 8**

Општинскиот одбор е највисок политички орган на општинската организација помеѓу две нејзини собранија кој ги извршува оперативно политичките дејности во општината во која дејствува.

**Член 9**

Општинскиот одбор поднесува извештај за својата работа до Извршниот одбор на ЛиДеМ најмалку еднаш во два месеци.

**Член 10**

Собранието од редот на своите членови, со мнозинство гласови од присутните го избира Општинскиот одбор.

Мандатот на членовите на Општинскиот одбор трае 2 години со право на повторен избор.

**Член 11**

Пред завршувањето на мандатот Општинскиот одбор од редот на членовите на општинската организација формира комисија од 5 членови која изготвува предлог листа на членови на новиот Општински одбор.

Претседателот на општинската организација е еден од членовите на комисијата од став 1 на овој член.

Комисијата може да состави предлог листа од најмногу 80% од бројот на членовите утврден на последната седница на Собранието.

Како кандидати за членови на Општинскиот одбор комисијата до Собранието ги предлага членовите на ЛиДеМ кои покажале активност во работата на општинската организација.

Месните одбори имаат право да предлагаат кандидати во новиот Општински одбор до комисијата која ја изготвува предлог листата.

Кандидат за член на Општинскиот одбор може да биде член на општинската организација на ЛиДеМ кој ќе обезбеди поддршка (потписи) од 20% од членовите на

Собранието. Секој член на Собранието може да му даде поддршка само на еден кандидат за член на Општинскиот одбор.

**Член 12**

Општинскиот одбор одржува седници по потреба а најмалку еднаш во два месеци. Седницата се свикува и по барање на 1/3 од членовите на Општинскиот одбор.
Седниците на Општинскиот одбор ги свикува и со нив раководи неговиот претседател.
Во случај на спреченост или отсутност на претседателот, или по негово овластување, седница на Општинскиот одбор може да свика еден од потпретседателите.
Седницата се свикува со писмена покана во која е содржан и предложениот дневен ред.

**Член 13**

Седниците на Општинскиот одбор по правило се јавни и на нив може да присуствуваат сите заинтересирани лица, но без право на учесто во дискусиите и при одлучувањето.
На покана од Општинскиот одбор, во неговата работа може да учествуваат и други лица но без право на глас.
Претседателите на месните одбори учествуваат во работата на Општинскиот одбор.

**Член 14**

Општинскиот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќето од половината од вкупниот број на неговите членови.
Општинскиот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на присутните членови.
Општинскиот одбор одлуките ги донесува со јавно гласање. Гласањето може да биде и тајно доколку за тоа се донесе посебна одлука.
За секоја седница на Општинскиот одбор се води записник што се усвојува на првата наредна седница.

**Член 15**

Во случај кога Општинскиот одбор во рамките на своите асктивности не се придржува кон Програмата и Правилата за работа на ЛиДеМ може да биде распуштен од страна на Централниот одбор на ЛиДеМ , а по предлог на претседателот или генералниот секретар на ЛиДеМ.
Предлог за отповикување на член на Општинскиот одбор или Општинскиот одбор во целина може да поднесе орган на општинската организација на ЛиДеМ или најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието на Општинската организација.
Предлогот мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен, а конечна одлука за тоа донесува Собранието на Општинската организација.
По исклучок од став 3 на овој член, во текот на мандатот Општинскиот одбор може да одлучува по предлогот за кадровски промени во својот состав но најмногу до 20% од вкупниот број на негови членови. Ова право може да се искористи само еднаш.
Со одлуката за кадровски промени не може да се менува бројот на членови на Општинскиот одбор утврден од Собранието.

**Член 16**

Доколку Општинскиот одбор не е во можност да одржи седница во период подолг од 3 месеци може да биде распуштен со одлука на Централниот одбор на ЛиДеМ, а по предлог на Извршниот одбор на ЛиДеМ.

Иницијатива за распуштање на општинската организација поведува претседателот, генералниот секретар на ЛиДеМ или координаторот.
Претседателот, генералниот секретар на ЛиДеМ, координаторот и 5 членови од Општинската организација именувани од Извршниот одбор на ЛиДеМ ќе ги превземат сите неопходни активности за формирање нов Општински одбор.
Одредбата од став 2 на овој член се применува и кога во некоја општина за прв пат се формира Општинска организација на ЛиДеМ.

**II.В Извршен одбор на Општинскиот одбор**

**Член 17**

Општинскиот одбор од редот на своите членови избира Извршен одбор на Општинскиот одбор (во понатамошниот текст: Извршен одбор).
Членовите на Извршниот одбор ги предлага претседателот на Општинската организација.

**Член 18**

Извршниот одбор е извршен орган на Општинската организација на ЛиДеМ и ги врши оперативно политичките работи.

**Член 19**

Извршниот одбор одржува седници по потреба а најмалку еднаш месечно.

**Член 20**

Извршниот одбор поднесува извештај за својата работа до Извршниот одбор на ЛиДеМ најмалку еднаш месечно.

**Член 21**

Одредбите за работа на Општинскиот одбор од член 14 од овие Унифицирани правила се однесуваат и на работата на Извршниот одбор.

**II.Г Надзорен одбор на Општинскиот одбор**

**Член 22**

Надзорниот одбор на Општинскиот одбор (во понатамошниот текст: Надзорен одбор), согласно Правилата за работа на ЛиДеМ, врши контрола врз работењето на органите на Општинската организација на ЛиДеМ.

**Член 23**

За утврдените неправилности во работата на Општинскиот одбор, Надзорниот одбор веднаш го известува Извршниот одбор на ЛиДеМ.

**Член 24**

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 2 години со право на уште еден избор.
Комисијата од член 11 од овие Унифицирани правила составува и предлага листа на членови на новиот Надзорен одбор.

За постапката за избор на членови на Надзорниот одбор се применуваат одредбите за постапката за избор на членови на Општинскиот одбор содржани во член 10 од овие Унифицирани правила.

## II.Д Претседател на Општинската организација

**Член 25**

Општинскиот одбор на својата прва, конститутивна седница, од редот на своите членови избира претседател на општинската организација.
До изборот на нов претседател со Општинскиот одбор раководи претседателот или еден од потпретседателите од стариот состав на Општинскиот одбор.

**Член 26**

Кандидат за претседател може да предложат најмалку 30% од членовите на Општинскиот одбор. Секој член на Општинскиот одбор може да даде поддршка само на еден кандидат за претседател. Предлогот (потписите) се даваат писмено на подготвен формулар.
Претседателот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Општинскиот одбор.
Доколку ниеден од кандидатите не го освои потребното мнозинство гласови во првиот круг постапката за избор на претседател се реализира во два круга со тоа што во вториот круг влегуваат двајцата кандидати кои освоиле најмногу гласови во првиот круг.
Гласањето за претседател може да биде и тајно доколку Општинскиот одбор донесе таква одлука. Во ваков случај гласањето го спроведува комисија составена од тројца членови именувани од Општинскиот одбор и по еден член- претставник на секој од кандидатите за претседател.

## III. Посебни форми на организација

**Член 27**

Општинскиот одбор може да донесе одлука за формирање на посебни форми на организирање во рамките на општинската организација - месни одбори.
Одлука за тоа се донесува во зависност од бројот на членовите на ЛиДеМ во општинската организација и потребите и можностите за активно делување на потесните форми на организација во рамките на општинската организација.
Во одлуката се содржани целите поради кои се формира и задачите што треба да ги оствари месниот одбор.
Општинскиот одбор го регулира работењето на месните одбори, во согласност со Правилата за работа на ЛиДеМ и овие Унифицирани правила.

**Член 28**

Месниот одбор е составен од сите членови на ЛиДеМ кои живеат на територијата за која е формиран.

**Член 29**

Од редот на своите членови, месниот одбор избира претседател и потпретседател.
Мандатот на претседателот и потпретседателот на месниот одбор трае 2 години со право на повторен избор.

**Член 30**

Месниот одбор активно учествува во работата на општинската организација и е должен да ги спроведува одлуките на Општинскиот одбор.

## IV. Измени и дополнувања на Унифицираните правила

**Член 31**

Предлог за измени и дополнувања на овие Унифицирани правила може да поднесе секој орган и тело на општинските организации на ЛиДеМ како и секој член, орган и тело на Централниот одбор на ЛиДеМ.

Предлогот за измени и дополнувања се поднесува до комисијата за политички систем при Централниот одбор на ЛиДеМ во писмена форма. Тој треба да содржи образложение на причините поради кои се поднесува како и содржина на измените и дополнувањата што се предлагаат.

Врз основа на поднесените иницијативи, а по предлог на Комисијата за политички систем, Извршниот одбор на Централниот одбор на ЛиДеМ утврдува предлог одлука за измени и дополнувања на овие правила и ја доставува до Централниот одбор на разгледување и одлучување.

За неприфатените иницијативи и причините за тоа Централниот одбор ги известува нивните подносители кои имаат право да се обратат до Централниот одбор за расправа и произнесување по предложените измени и дополнувања.

## V. Завршни одредби

**Член 32**

Овие Унифицирани правила влегуваат во сила наредниот ден по нивното донесување.

Толкување на одредбите на овие Унифицирани правила дава Централниот одбор на ЛиДеМ.

**Член 33**

Со денот на влегување во сила на овие Унифицирани правила за работа на општинските организации на ЛиДеМ престануваат да важат Унифицираните правила за работа на општинските организации на ЛиДеМ донесени од страна на Централниот одбор на ЛиДеМ на седницата одржана на 06.06.1998 година.